# ПРАВИЛНИК

## За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа

Скопје, Јуни 2023 година


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,„Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), министерот за локална самоуправа донесува

**П Р А В И Л Н И К**

За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа (бр.01-575/2 од 22.02.2023 година), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа (бр.01-575/9 од 17.03.2023 година) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа (бр.01-575/14 од 04.05.2023 година).

**Член 2**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во делот на Државни советници, во работното место под ,,реден број 2, со шифра УПР 0101Б01000, со звање Државен советник, со назив на работно место Државен советник за креирање на политики за локален и регионален развој”, во делот работни задачи и обврски, алинеите 1,2,3,4,5,6,7,8,9 се заменуваат и гласат:

| | |
|---|---|
| **Работни задачи и обврски** | - Врши најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност, а кои особено се однесуваат на креирање, консултација и комуникација на политиките за локален и регионален развој;<br><br>- Иницира, предлага и креира ставови и мислења за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на органот и ги подготвува за нивна презентација пред засегнатите страни;<br><br>- Иницира и предлага решенија во процесот на стратешкото планирање и во подготовката и во спроведувањето на програмата за работа на министерството како дел од севкупната Програма на Владата во областа која ја покрива ;<br><br>- Подготвува анализи и стратешки документи во соработка со експертска јавност и други засегнати страни; |

| | |
|---|---|
| | - Подготовува мислења за предмети кои опфаќаат прашања од надлежност на Министерството за локална самоуправа (меѓуресорска комуникација)<br><br>- Предлага решенија за добро управување;<br><br>- Предлага решенија за отворено управување, консултација и комуникација на политиките на Министерството со засегнатите страни, вклучително и пошироката јавност;<br><br>- Учествува во работата на меѓуресорски тела ;<br><br>- Учествува во работата на меѓународни тела и организации и подготвува материјали од областа што ја покрива; |

Во делот на работните задачи и обврски, алинејата 10 се брише.


Министерство за локална самоуправа на
Република Северна Македонија

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

## Член 3

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во делот на Државни советници, по работното место под ,,реден број 5, со шифра УПР 0101Б01000, со назив Државен советник за регионален развој, се додава ново работно место ,,5-а'' кое гласи:

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 5-а |
| **Шифра** | УПР/01/01/Б01/000 |
| **Ниво** | Б01 |
| **Звање** | Државен Советник |
| **Назив на работно место** | Државен советник за ИПА прекугранична и територијална соработка |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Државен секретар |
| **Вид на образование** | Општествени науки - економија и бизнис, право и политички науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Имплементација на ИПА програмите за прекугранична и територијална соработка, реализација на националното кофинансирање, следење и евалуација на програмите и проектите финансирани од ЕУ |
| **Работни задачи и обврски** | - Врши најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност, а кои особено се однесуваат на спроведување на ИПА програмите за прекугранична и територијална соработка;<br>- Иницира, предлага и креира ставови и мислења за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на органот ;<br>- Иницира и предлага решенија во процесот на стратешкото планирање и во подготовката и во спроведувањето на програмата за работа на министерството во областа што ја покрива, како дел од севкупната Програма на Владата во областа која ја покрива ;<br>- Подготвува мислења за предмети кои опфаќаат прашања од конкретната област од надлежност на Министерството за локална самоуправа (меѓуресорска комуникација) |


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

| | |
|---|---|
| | - Учествува во работата на меѓуресорски тела ;<br>- Учествува во работата на меѓународни тела и организации и подготвува материјали од областа што ја покрива; |

**Член 4**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во точка 2. Сектор за локалната самоуправа, во потточка 2.3 Одделение за поттикнување, надзор и евиденција на меѓуопштинска соработка, во работно место под ,,реден број 36, со шифра УПР УПР 0101В01000, со звање Советник, со назив на работно место Советник за поттикнување и евиденција на меѓуопштинската соработка, во делот Вид на образование, Општествени науки-Економија и бизнис, право и ,,политички науки''зборовите политички науки се заменуваат со зборовите ,,образование''.

**Член 5**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во точка 3. Сектор за Европска Унија, во потточка 3.1 Одделение за спроведување на ИПА, во работно место под ,,реден број 44, со шифра УПР 0101В03000, со звање Соработник, со назив на работно место Соработник за спроведување на ИПА програми'' во делот Број на извршители, бројот ,,4'' се заменува со бројот ,,3''.

**Член 6**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во точка 3. Сектор за Европска Унија, во потточка 3.3 Одделение за следење и евалуација на ИПА, во работно место под ,,реден број 52, со шифра УПР 0101Б04000, со звање Раководител на одделение, со назив на работно место Раководител на одделение за следење и евалуација на ИПА, во делот Вид на образование, зборовите ,,Општествени науки (Економија и бизнис, право, политички науки)'' се заменуваат со зборовите ,,Хуманистички науки и уметности (филозофија, други хуманистички науки - наука за книжевноста)''.

**Член 7**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во точка 3. Сектор за Европска Унија, во потточка 3.3 Одделение за следење и евалуација на ИПА, во работно место под ,,реден број 54, со шифра УПР 0101В01000, со звање Советник, со назив на работно место Советник за мониторинг и евалуација на ИПА, во делот Вид на образование, Општествени науки -економија и бизнис, право, политички науки зборовите ,,политички науки'' се заменуваат со зборовите ,,други општествени науки - јавна управа и администрација''.

**Член 8**

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, во точка 4. Сектор за кабинетски работи, во потточка 4.1 Одделение за работи непосредно поврзани со министерот, заменик на министерот и државниот секретар, во работно место под ,,реден број 59, со шифра УПР 0101Б04000, со звање Раководител на одделение, со назив на работно место Раководител на Одделение за работи непосредно поврзани со министерот, заменик на министерот и државниот секретар, во делот Вид на образование, зборовите ,,Општествени науки (Економија и бизнис, право, политички науки)'' се заменуваат со зборовите ,,Хуманистички науки и уметности (Јазици и литература)''.

**Член 9**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

**Министер за локална самоуправа**
**Ристо Пенов**

**Бр.01-575/16**
**25-07-2023.2023 година**
**Скопје**


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk